УП1 бр. 14-1639
_____________година
30 -09- 2019

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), врз основа на член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), а во врска со член 104 став 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 , 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за почеток со работа на студиските програми од втор циклус едногодишни студии по Студии на политиките и Родови студии и студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Студии на политиките на Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиските програми од втор циклус едногодишни студии по Студии на политиките и Родови студии и студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Студии на политиките на Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје, се обрати со барање бр. 129/2018 од 19.07.2018 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП 1 бр. 14-1639 од 20.07.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од втор циклус едногодишни студии по Студии на политиките и Родови студии и студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Студии на политиките на Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, акредитирани со Решение за акредитација бр. 1409-200/2 од 16.07.2018 година, Решение за акредитација бр. 1409-200/3 од 16.07.2018 година и Решение за акредитација бр. 1409-201/2 од 19.06.2018 година, издадени од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП 1 бр. 14-1639 од 19.09.2019 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 23.09.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-1639 од 24.09.2019 година, каде е наведено дека за студиските програми од втор циклус едногодишни студии по Студии на политиките и Родови студии и студиската програма од втор циклус двегодишни студии по Студии на политиките на Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР / MINISTËR
Dr. Arbër Ademi

Доставено и до
- Архива
Подготвил: Биљана Зафировска